2024 година

# ТЕКСОМАК

## Контејнери во Прилеп

Секоја прва среда во месецот на различни локации во Прилеп ќе бидат поставени контејнери за текстилен отпад.

***Селектирај текстилни производи!***

## Есенска чистка

Под мотото „Направете чистка на вашиот плакар“, организиравме еколошки активности за тековно собирање на текстилен отпад.

## 43

## Верифицирани компании

Вредноста на беџот ја препозна 43 компании кои ни се придружија во нашата мисија.

# Каква компанија претставува ТЕКСОМАК?

ТЕКСОМАК е општествено-одговорна компанија која промовира, координира и финансира активности поврзани со собирање, селектирање и рециклирање на текстилниот отпад, како и бројни активности во насока на подигнување на свеста за влијанијата на текстилниот отпад врз здравјето на нашата животна средина.

Компанијата е основана на 23.12.2023 год., а дозволата за постапување со текстилен отпад, издадена од Министерството за животна средина, ја стекнува на 03.04.2024. Нашата примарна дејност е управување со текстилниот отпад според начелото „загадувачот плаќа", во согласност со Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови кој стапи на сила во септември, 2021 година.

Како општествено-одговорна компанија која е насочена кон исполнување на еколошки цели, ТЕКСОМАК е отворена за соработка со сите прозиводители и увозници на текстил кои имаат законска обврска да воспостават систем за управување со текстилниот отпад, а со крајна цел: зачувување и грижа за нашата животна средина.

> **Избери рециклирање на текстил и придонеси кон подобро здравје и подолг живот на нашата планета.**



## Која е нашата мисија?

Нашата мисија е насочена кон наоѓање трајни решенија за проблемите со неодговорното фрлање текстилен отпад, преку соработка со сите учесници во текстилната индустрија, но и пошироко, преку масовна едукација на сите граѓани за значењето на овие прашања.

## Која е нашата визија?

Визијата на ТЕКСОМАК започнува од селектирањето, собирањето и рециклирањето на текстилниот отпад, а нејзината крајна цел е: грижа и подобрување на квалитетот на нашата животна средина, како и иднината на нашата планета.



## На нашата планета сме ѝ потребни СИТЕ и ВЕДНАШ!

Во последните децении и, особено, денес, прашањата за климатските промени, грижата за природата, зголемувањето на природните катастрофи како последица од намалениот квалитет на животната средина се сè поактуелни и бараат преземање неопходни и неодложни дејства. Подобрувањето на квалитетот на животната средина повеќе не е тема којашто може да ја оставаме за утре или за некоја друга прилика, туку напротив, тоа е приоритетен проблем со кој освен системски, треба да се занимаваме и лично, почнувајќи од секој еден од нас.

Затоа, едукацијата и подигнувањето на свеста за развојот на животната средина треба да бидат императив за сите генерации, почнувајќи од најмладите. Еден од аспектите на унапредување на животната средина е, секако, справувањето со сè поголемите проблеми кои произлегуваат од неодговорното постапување со текстилниот отпад, и колективно и индивидуално. Покрај мудрото купување облека, изборот на еколошки материјали, секако е и селектирањето, реупотребата и рециклирањето на облеката и другите текстилни материјали што повеќе не ни се потребни.

# Како се стекнува беџот?

Беџот е признание за сите производители и увозници на текстил кои се однесуваат совесно и одговорно кон нашата животна средина. Се стекнува лесно и едноставно - производителот (или увозникот) се регистрира на нашата онлајн платформа и го пријавува својот текстилен отпад секој месец. Придобивките од беџот се многубројни, почнувајќи од работењето во согласност со законот; креирањето и одржувањето имиџ на одговорност, доверба, кредибилитет во средината во која дејствувате; па сè до пошироките и долгорочни ефекти кои директно се однесуваат на унапредувањето на квалитетот на животната средина и иднината на нашата планета.

### *Колку фирми досега го имаат беџот?*

Вредноста на беџот односно вредноста на она што тој го претставува - да се биде верификуван одговорен производител или увозник на текстил, ја препознаа многу компании кои ни се придружија во нашата мисија. Ова се нашите досегашни сопатници, соработници и, пред сè, пријатели: АД Алкалоид Берово, Премиум Проект, Ник Текс 2011 ДООЕЛ, Техас Тим, Сињори, Карес Гроуп, Тексико, Импер Комерц, Бела, Син АГ 95, Гатекс, Каса Инверзион, Хоме Ексклузиве, Донитекс, Мото Култура ДОО Скопје, Киел Македонија, Цеботекс, Фимар Марбле, Фимар Балкан, Елитте Софа, Вурт Македонија, Спорт М, Ивет Маркет Гроуп, Лотус, Мегаспорт, Димитрикомерц, Дворник, Фокус Никола, Гентерм Северна Македонија, Герман ПХ, Скила, Магнетик, Незири Компани, Албо, Жалфија, Пеко, Окитекс, Кожа-МАК, Тилла, Кулитекс, Тритекс, Албатрос и Комфи Ангел.









# Постапката за стекнување со беџ се одвива по следниот редослед

Најнапред се пополнуваат формуларите кои се достапни на веб страницата teksomak.mk и истите се праќаат на нашата мејл адреса: teksomak23@gmail.com.
По склучувањето на договорот со Тексомак, производителот односно увозникот се регистрира на нашата онлајн платформа каде што може да го пријавува својот текстилен отпад;
Во тековниот месец се пријавува текстилниот отпад од претходниот месец. Беџот се добива веднаш по првата извршена пријава на текстилен отпад, а важи континуирано, сè додека се продолжува секое месечно пријавување во претстојниот период.

***Дигитална апликација*** - Аплицирањето се одвива согласно со современите стандарди, а постапката е целосно дигитализирана со цел да биде едноставна и достапна за сите, насекаде. Тоа значи дека ви овозможуваме во кус временски рок, без поднесување на печатени формулари, на безбеден начин да го стекнете вашиот беџ за одговорен производител или увозник на текстил.





Првиот Хипо контејнер.

## Првиот Хипо контејнер - заштитен знак на Тексомак е Хипото, што претставува тоа?

Нашиот Хипо контејнер е, всушност, многу повеќе од обичен контејнер - тој е нашиот заштитен знак, тој ни е верен соборец во нашата текстилна револуција и придружник во многуте наши акции за подигнување на свеста за рециклирањето на текстилниот отпад. Пред сè, тој е нашиот и ваш пријател со специјална задача да ја собира вашата стара облека, шалови, јоргани, перници, постелнини и сите останати текстилни материјали кои повеќе не ви се потребни. Придобивките од дружбата со Хипо се повеќекратни: освен што ви го олеснува патот до среден плакар и чист дом, истовремено и ви овозможува да го дадете вашиот придонес кон подобрувањето на квалитетот на животната средина.

## Што може, а што не може да се фрла во Хипо контејнерот

Хипо-контејнерите постојат во повеќе примероци и на повеќе локации, тие патуваа со нас на бројни настани, на едукативни работилници за деца и млади, запознаа многу луѓе и собраа огромна количина стари и непотребни текстилни материјали со цел нивна реупотреба и рециклирање. Најважно, Хиповците остануваат и понатаму со нас и со вас, посветени на значајната мисија за здрава и чиста животна околина.



**Секое парче облека раскажува своја приказна, но која е приказната на неговиот крај ?**

*Донесете ги вашите стари перници, јоргани и постелнини и добијте 5% попуст на нови.*




## Акција која започнува на 2-ри септември и трае до 31-ви декември

На 2-ри септември, со огромен ентузијазам ја започнавме есенската акција за подигнување на свеста за рециклирање на текстилниот отпад. Во текот на претстојните месеци, имавме многубројни настани: акцијата за попусти на нови производи од Комфи Ангел во замена за стари и непотребни текстилни материјали; едукативни работилници во училишта и градинки насекаде во Македонија; соработка со повеќе општини во Македонија за заедничко дејствување; како и многу други активности, награди, дружење и забава. Во текот на акцијата, направивме големи чекори кон идејата за здрава, чиста, зелена, еколошка иднина и не застануваме тука. Предизвикот е голем, но нашата желба во комбинација со вашата поддршка е уште поголема!



## Соработка со општините за едукација и одржување на настани

Во рамките на нашата есенска акција, значаен дел беше соработката со општините кои ја препознаа нашата визија и нѐ поддржаа. Најнапред, започнавме соработка со Општина Прилеп, а набргу ни се придружија и Општина Босилово, Општина Гази Баба и Општина Новаци. На работните средби со општините, имавме важни дискусии за подобро спроведување на Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, како и дискусии за поттикнување, едукација и одржување на настани со цел подигнување на свеста за рециклирање на текстилниот отпад.




# Едукативни работилници во училишта и градинки во Прилеп

Еден од најубавите, а и најзначајни аспекти во рамките на нашата акција е, секако, работата со децата и младите и нивното запознавање со проблемите и прашањата поврзани со животната средина кои директно се однесуваат на нивната иднина. За таа цел, во периодот помеѓу 26-ти септември и 4-ти октомври ги посетивме ООУ „Кире Гаврилоски - Јане“, ООУ „Гоце Делчев“, ООУ „Климент Охридски“, ООУ „Добре Јованоски“, ООУ „Блаже Конески“, ООУ „Кочо Рацин“, ООУ „Рампо Левката“, СОУ „Ѓорче Петров“ (текстилен смер) во Прилеп, како и ЈОУДГ „Наша иднина“ и следните градинки: „Бончејца“, „Вишне“, „Гоце Делчев“, „Добре Јованоски“, „Рампо Левката“, „Работнички“. Сретнавме стотици деца и млади со кои се дружевме, но и научивме колку е важно селектирањето, реупотребата и рециклирањето на текстилниот отпад. Секако дека со нас беше и нашиот контејнер Хипо кој на лице-место собираше огромни количини стара облека и други непотребни парчиња текстил. Освен едукативниот аспект, децата и младите имаа и можност креативно да се изразат и да се забавуваат, па така, од старата непотребна облека, тие изработија најразлични производи кои добија нова намена и ново значење. На тој начин, тие сфатија колкава е моќта на реупотребата на текстил со која може да го оживееме старото и да создадеме нови производи - нови приказни.




## Боенка

Децата во градинките кои ги посетивме добија боенки исполенти со содржини преку кои тие можеа: и да се забавуваат и да бидат креативни и да научат за важноста на рециклирањето на текстилниот отпад.







## Мали канти

Уште еден реквизит кој постигна одличен ефект кај децата и младите, беа малите канти за рециклирање изработени од Тексомак, во кои тие можеа да ги донесат своите стари парчиња облека и други видови текстил и уште од рана возраст, да научат како се селектира, реупотребува, рециклира она што повеќе не ни е потребно.

## Цртан филм

Цртаниот филм изработен од Тексомак, исто така, имаше за цел да ги доближи прашањата за важноста на рециклирањето на текстилниот отпад до децата и младите, на начини кои ќе ги анимираат, ќе ги поттикнат да размислуваат, но и ќе научат како да придонесат кон идејата за здрава и чиста животна средина.



# Направете есенска чистка на вашиот плакар!

Со секој поминат ден, нашата мисија се шириме на сè повеќе локации, вклучувајќи сè поголем број луѓе и институции и сè побогати содржини. Во Прилеп, имавме нови активности од мултидисциплинарен и мултимедијален карактер кои ги отворивме со музичкиот перформанс на DJ Dave Schwartz. Потоа, следуваше богата програма која вклучуваше работилница и изложба на креации изработени од реупотребен текстилен отпад, а сите средства собрани од продажбата беа донирани на ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп, во паралелките за деца со посебни потреби. Под мотото „Направете чистка на вашиот плакар“, организиравме еколошки активности за тековно собирање на текстилен отпад. Со нас беа и нашите веќе добро препознатливи контејнери Хипо кои се погрижија за сите стари и непотребни текстилни материјали од граѓаните, успевајќи да соберат ЕДЕН ТОН текстилен отпад!

Овој дел од нашата акција го финализиравме со работна средба во Општина Прилеп која, воедно, ги вклучуваше и соседните општини и други засегнати страни, а нејзината цел беше развивање соработка и стратешки решенија за справувањето со текстилниот отпад, со фокус на подобро спроведување на Законот за проширена одговорност за управување со посебните текови на отпад,

**„ Мисли повеќе за нашата планета.“**

Во оваа акција, ни се придружија и нè поддржаа Општина Прилеп, ЈКП Комуналец - Прилеп и SALAR International, а се одржа на Камената бина на Плоштад Александрија, во Прилеп.











# 0 ТЕКСТИЛЕН ОТПАД

Следната станица од нашата мисија за подигнување на свеста за рециклирање на текстилниот отпад беше Босилово каде што наидовме на огромна поддршка и ентузијазам во однос на подобрувањето на квалитетот на нашата животна средина. Повторно имавме богата програма која вклучуваше активности од различен тип, наменети за граѓаните од сите возрасти, почнувајќи од најмладите.

## Акција за собирање на текстилен отпад

Нашата приказна во Босилово ја започнавме со акција за собирање на текстилен отпад. Нашиот контејнер за рециклирање, Хипо, веќе беше поставен и подготвен да собира сè што е текстил и сè што е вишок. Па така, граѓаните добија можност да се ослободат од старата облека, шалови, џемпери, перници, постелнини, јоргани и други текстилни материјали кои повеќе не ги користат. На тој начин, освен што успеаја да си направат чистка во домот, покажаа дека се одговорни и вистински се грижат за нашата животна средина.

## Едукативни работилници во училиште и градинка

Во Босилово, ги посетивме ООУ „Гоце Делчев“ и ЈОУДГ „Среќни насмевки“ и одржавме едукативни работилници во кои им ја претставиме нашата мисија на децата и младите. Научивме многу за рециклирањето и за заедничката грижа за планетата. Со нас беше и Хипо кој собра стари парчиња облека и други материјали што нема да завршат како текстилен отпад што ќе ја оптеретува нашата планета.

октомври 16 (среда), 2024

Центар на с. Босилово

Почеток 11:00 часот

# 0 ТЕКСТИЛЕН ОТПАД

Тексомак е општествено-одговорна компанија која промовира, организира и финансира активности за собирање, селектирање, реупотреба и рециклирање на сите видови текстилен отпад. За таа цел, секоја втора седмица во месецот, ден: четврток, во Општина Босилово, собираме текстилен отпад (облека, постелнини, јоргани, перници, пешкири, текстил на метража) - придружете ни се на патот кон здрава и чиста животна околина!

### Акција за собирање на текстил

11:00 - 14:00

**Едукација во градинка - 09:30 часот**
во ЈОУДГ “Среќни насмевки” - Босилово

**Едукативна работлиница - 12:00 часот**
во ООУ “Гоце Делчев” - Босилово



ТЕКСОМАК








# Поставување на контејнери во Прилеп

Поставувањето контејнери за рециклирање на текстил, се покажа како добра и корисна пракса, па затоа ја продолживме и ја проширивме и во Прилеп, и тоа, на следниве локации: Точила, Центар, Димо Наредникo, Џогдере, Болница, Варош, Тризла, Автомотосојуз, Жабино маало, Биди маж, Сточно пазариште, Салида и 5-та Прилепска.

## Секоја прва среда во месецот

Со поставените контејнери за рециклирање, и компаниите и граѓаните од Прилеп и околината, имаат можност секоја прва среда во месецот да ја оставаат старата облека и сите останати текстилни материјали кои не им се потребни и да ни се придружат во нашата мисија за подобра и чиста животна средина.



# Ослободи се од старото и направи простор за ново!

Во рамките на големата есенска акција, ја посетивме и Општина Новаци која веднаш ја препозна нашата визија за подобрување на квалитетот на животната средина и одговорно постапување со текстилниот отпад. Нашите контејнери беа поставени и спремни за собирање на старите текстилни производи од граѓаните кои на лице-место ја разбраа важноста на личниот придонес кон создавање на заедничка, здрава и чиста околина. Нашата акција под мотото „ослободи се од старото и направи простор за ново!" имаше одличен фидбек и интерес од жителите на Општина Новаци и околината.

Сите учесници во настанот имаа можност да ги донесат своите стари перници, јоргани или постелнини и да добијат попуст за нови производи од асортиманот на Комфи Ангел. На тој начин, сите ние имавме тројна придобивка: и да направиме темелно расчистување на домот од старите парчиња текстил кои го оптеретуваат просторот; и да си набавиме нови квалитетни производи за нас и нашите најблиски; и да дадеме личен пример за тоа како се дејствува во насока на зачувување и подобрување на нашата животна средина.



# Едукативни работилници во Гази Баба од 5-ти до 11-ти ноември

За десет дена поминати во училиштата и во градинките во Општина Гази Баба, успеавме да испишеме приказни што ќе траат со години и децении, а во меѓувреме стотици деца и млади ќе израснат во совесни генерации кои ќе знаат колку е важно рециклирањето на текстилниот отпад за долгорочната добросостојба на нашата планета.

Ова се училиштата кои ги посетивме: ООУ „Крум Тошев“, ООУ „Наум Наумовски Борче“ и ООУ „25 Мај“, ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „Григор Прличев“, ООУ „Кирил и Методиј“ во Општина Гази Баба, а имавме работилници и во ЈУДГ „Детска радост“ - Мимоза, ЈУДГ „Детска радост“ - Калинка, ЈУДГ „Детска радост“ - Сончоглед и ЈУДГ „Детска радост“ - Темјанушка.













Зборувавме на повеќе значајни теми, како:

- што претставува рециклирањето, селектирањето, реупотребата и колку текстилниот отпад е штетен за нашата околина;
- како, зошто, каде може да ја рециклираме облеката која повеќе не ја носиме, но и другите непотребни текстилни материјали кои ни го оптоваруваат домот;
- колку е важна заложбата на секој од нас - секој еден чекор е чекор поблизу до здрава животна средина.

Секако дека покрај учењето, имавме и незаборавни мигови на дружење и забава, а одржавме и креативни работилници каде децата и младите изработуваа нови и уникатни производи од старите текстилни материјали - се собраа прекрасни инспиративни ремек-дела од нашите млади еколошко-свесни уметници.


ТЕКС МАК
Селектирај текстилни производи!